-Предлог-

Врз основа на одредбите на член 417, 418, 420, 421, 427 и 432, од Законот за трговски друштва (Сл.весник број бр. 85/2003; 28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 217/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 120/2018; 195/2018; 225/2018; 239/2018; 79/2020; 90/2020; 123/2020; 140/2020; 290/2020; 215/2021; 99/2022; 272/2024), член 2 точка 28 и член 7, член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност (ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ" БР. 95/2005; 25/2007; 86/2007; 123/2007; 140/2007; 146/2007; 7/2008; 45/2009; 57/2010; 135/2011; 13/2013; 188/2013; 43/2014; 15/2015; 154/2015; 192/2015; 23/2016; 83/2018; 83/2018; 31/2020; 288/2021; 53/2024; 3/2025) и Статутот на Банката , Собранието на акционери на седницата одржана на 29.05.2026 година во Скопје, донесе

# Одлука

за зголемување на основната главнина на Капитал Банка АД Скопје ( нов назив М Банка АД Скопје) со издавање на обични акции по пат на приватна понуда – VIII та (осма) емисија

Член 1

Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје), со седиште на ул.Св.Кирил и Методиј број 7, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Банката), ќе изврши зголемување на основната главнина (акционерскиот капитал) со издавање на обични акции со право на глас во вкупен номинален износ 2.000.126,05 ЕУР по пат на приватна понуда а заради зголемување на капиталот на Банката и обезбедување на оптимална адекватност на капиталот пропишани со Законот за банките и регулативите на НБРСМ .

Со оваа емисија се издаваат 11.255 обични акции.

Номиналната вредност по акција изнесува 177,71 евра, која е и продажна вредност на акцијата.

Вкупната номинална, односно продажна вредност на емисијата изнесува 2.000.126,05 ЕУР во денарска противредност по среден курс на НБРСМ, објавен на денот пред донесување на оваа Одлука, односно од ден 28.05.2026 година.

Банката врши зголемување на основната главнина со издавање нови акции од осма емисија заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на адекватност на капиталот и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Законот за банките и подзаконската регулатива, Решение од НБРСМ под бр.15-3931/2 од 13.03.2025

Намената на емисијата е зголемување на основната главнина на Банката со нови уплати од страна на постојниот мнозински акционер АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ од Бугарија, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на адекватност на капиталот и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Законот за банките и подзаконската регулатива.

Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши во седиштето на Банката на улица Св.Кирил и Методиј број 7, во Скопје, во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението за одобрување на емисијата од Комисијата за хартии од вредност.

Паричните средства од запишаните акции се уплатуваат во денари на посебна сметка на банката.

Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се :

- право на глас со собранието
- право на исплата на дел од добивка (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остаток од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката
- право на информирање за состојбата на Банката

Акциите гласат на име.

Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Дивидендата се исплатува од добивката расположлива за распределба врз основа на Одлука на Собранието на Банката, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

Сопственикот на акциите од VIII тата (осмата) емисија ги стекнува сите права и обврски од акциите во законските прописи, Статутот на Банката и актот за нивно издавање со денот на уписот во Книгата на акции на Банката во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Банката не поседува приоритетни акции.

Издавањето на акциите ќе се врши врз основа на соопштение за издавање на акции по пат на приватна понуда што ќе се објави на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, првиот ден по конечноста на решението за одобрение за издавање на акции по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност.

Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје) во рок од 5 (пет) работни дена од завршувањето на приватната понуда за издавање на акции, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и ќе објави известување за јавноста за бројот на запишаните и уплатени акции односно за процентот на реализација на приватната понуда на акции.

Зголемувањето на основната главнина се врши согласно Член 2, Точка 28 алинеја 1 од Законот за хартии од вредност, при што купувач на акциите VIII-та (осма) емисија е постојниот акционер на Банката , АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ АД од Бугарија ул. Цар Ослободител бр. 14 кат 7, Софија, Бугарија.

Член 2

За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот и позитивните прописи кои ја регулираат оваа материја.

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да може да врши измени и дополнувања на оваа одлука во постапката на добивање одобрение за зголемување на основната главнина на банката со издавање на нови акции од VIII-та (осма) емисија по пат на приватна понуда.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување. Постапката за примена и отпочнување на реализација на одлуката по постапката за емисијата ќе отпочне со денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 3

По успешно завршување на приватната понуда, да се спроведе упис во ЦРМ.

Се задолжува Надзорниот одбор на банката по успешно завршување на приватната понуда , во член 14 од Статутот на банката, да го прецизира износот на почетниот капитал и бројот на обичните акции, согласно запишаните и уплатени акции од VIII-та (осма) емисија и да изготви пречистен текст на Статутот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со предложената Одлука за издавање на акции се утврдува VIII-та (осма) емисија на акции на Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје), во износ од 2.000.126,05 ЕУР на име обични акции.

Намената на емисијата е зголемување на основната главнина на Банката со нови уплати од страна на постојниот акционер АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ АД од Бугарија ул. Цар Ослободител бр. 14 кат 7, Софија, Бугарија заради одржување на соодветното ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на адекватност на капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива согласно Решение од НБРСМ под бр.15-3931/2 од 13.03.2025.

Со износот на VIII-та (осма) емисија на обични акции со право на глас Банката ќе ја зголеми основната главнина за 2.000.126,05 ЕУР со што вкупниот број на акции ќе достигне 71.443 обични акции или 12.696.135,53 ЕУР, или -------------------денари акционерски капитал по номинална вредност.

Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши на начин и постапка утврдени со Законот за хартии од вредност.

**Собрание на акционери**

_________________________

Претседавач